Македонска берза на

хартии од вредност

АД Скопје

ADING
состојка на секоја градба

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр. 11, 1060 Скопје,
Р. Северна Македонија; П.Фах 40; е-пошта: ading@ading.com.mk

- Управен менаџмент: Тел.:+389 2 2034 800, Факс:+389 2034 810
- Контрола на деловен систем: Тел.:+389 2 2034 806, Факс:+389 2034 810
- Финансии: Тел.:+389 2 2034 816, Факс:+389 2034 817
- Примена: Тел.:+389 2 2034 840, Факс:+389 2034 850
- Продажба: Тел.:+389 2 2034 820, Факс:+389 2034 821
- Институт: Тел.:+389 2 2034 860, Факс:+389 2034 850
- Набавки: Тел.:+389 2 2034 824, Факс:+389 2034 825
- Фабрика: Тел.:+389 2 2034 863, Факс:+389 2034 821

АРХ. БРОЈ:

ДАТУМ:

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## ЗА НАСТАНАТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ ВО 2019 ГОДИНА ЗА АДИНГ АД СКОПЈЕ-КОНСОЛИДИРАНИ ИЗВЕШТАИ

1. **Сметководствени политики и методи на вреднување на ставките од финансиските извештаи споредено со последните годишни ревидирани извештаи:**

   -Во овој период нема промени во сметководствените политики.

2. **Остварени вкупни приходи во однос на претходниот период, кратка анализа на приходите и расходите и на остварениот финансиски резултат:**

   -Во овој период ДС АДИНГ АД Скопје-консолидиран оствари вкупен приход во износ од 433.611 илјади денари кој е помал од минатогодишниот за 11.590 илјади денари, односно намалување за 2,6%. Во структурата на приходите најголем удел имаат приходите од продажба во износ од 425.302 илјади денари или 98,1% од вкупниот приход, од кои 78,7% се приходи од продажба на домашен пазар и 21,3% приходи од продажба на странски пазар.

   -Во истиот период, остварени се вкупни расходи во износ од 395.915 илјади денари што претставува намалување во однос на минатогодишните за 39.085 илјади денари, односно за 9%.

   -На крајот на овој период, остварен е позитивен финансиски резултат, односно Добивка пред оданочување во износ од 42.385 илјади денари, е поголема за 415% во однос на минатогодишната, која изнесуваше 10.201 илјади денари.

3. **Движењето на финансискиот резултат по квартали е следен:**

   31.03.2019 = -12.499 илјади денари

   30.06.2019 = 7.825 илјади денари( + 20.324 илјади денари во вториот квартал )

   30.09.2019 = 14.563 илјади денари( + 6.738 илјади денари во третиот квартал )

31.12.2019 = 42.385 илјади денари( +27.822 илјади денари во четвртиот квартал )

4. **Движење на вкупните приходи и расходи по квартали е следен:**

-Вкупните приходи по квартали, го пратат финансискиот резултат, па така имаме по квартали следното:

I квартал = 77.064 илјади денари вкупни приходи

II квартал = 103.649 илјади денари вкупни приходи

III квартал = 122.809 илјади денари вкупни приходи

IV квартал = 130.089 илјади денари вкупни приходи

-Вкупните расходи по квартали, со зголемувањето на обемот на работа бележат и пораст, но во помал обем во однос на вкупните приходи, што е особено изразено во последниот, четврти квартал:

I квартал = 89.911 илјади денари вкупни расходи

II квартал = 83.899 илјади денари вкупни расходи

III квартал = 116.431 илјади денари вкупни расходи

IV квартал = 105.674 илјади денари вкупни расходи

5. **Останати значајни финансиски податоци за 2019 година:**

-На име дивиденда исплатени се 6.882 илјади денари.

-Во период на намалена градежна активност во земјата и сеприсутен проблем со ликвидноста кај компаниите, ДС АДИНГ АД Скопје-консолидиран редовно ги подмирува своите обврски кон компаниите, финансиските институции и државата. И во такви услови на стопанисување АДИНГ АД Скопје-консолидиран успеа својата кредитна задолженост да ја намали за 15.029 илјади денари.

-Капиталните инвестиции се во износ од 19.545 илјади денари.

-Залихите на готови производи и недовршено прозиводство се зголемени за 4.689 илјади денари.

-Добивката по оданочување во износ од 37.951 илјади денари, е поголема за 759% во однос на минатогодишната, која изнесуваше 5.002 илјдади денари и е за 55,6% над планираната, 24.397 илјади денари.